## Народна банка на Република Северна Македонија
## Дирекција за статистика

Скопје, 31 октомври 2024 година

## Соопштение за печатот

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: септември 2024 година

– Просечната каматна стапка на вкупните кредити во септември 2024 година изнесува 5,41% и забележа месечно и годишно намалување од 0,03 п.п. и 0,08 п.п., соодветно. Просечната каматна стапка на вкупните депозити се зголеми на месечно и на годишно ниво за 0,05 п.п. и 0,42 п.п., соодветно и изнесува 2,01%.

– Во септември, просечната каматна стапка на новоодобрените кредити[2] оствари месечен и годишен пад од 0,06 п.п. и 0,51 п.п., соодветно и изнесува 4,98%. Просечната каматна стапка на новопримените депозити е повисока за 0,17 п.п. и 0,45 п.п., соодветно на месечна и на годишна основа и изнесува 2,60%.

Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити

| | 9.2023 | 10.2023 | 11.2023 | 12.2023 | 1.2024 | 2.2024 | 3.2024 | 4.2024 | 5.2024 | 6.2024 | 7.2024 | 8.2024 | 9.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **5.49** | **5.49** | **5.48** | **5.47** | **5.55** | **5.52** | **5.50** | **5.51** | **5.49** | **5.47** | **5.46** | **5.44** | **5.41** |
| Корпоративен сектор | 5.37 | 5.37 | 5.36 | 5.33 | 5.44 | 5.40 | 5.35 | 5.35 | 5.31 | 5.26 | 5.23 | 5.20 | 5.15 |
| Домаќинства | 5.61 | 5.60 | 5.59 | 5.59 | 5.65 | 5.64 | 5.65 | 5.65 | 5.65 | 5.66 | 5.67 | 5.66 | 5.66 |
| **Новоодобрени кредити** | **5.49** | **5.55** | **5.38** | **5.21** | **5.22** | **5.35** | **4.98** | **5.47** | **5.19** | **5.08** | **5.12** | **5.04** | **4.98** |
| Корпоративен сектор | 5.50 | 5.71 | 5.39 | 5.30 | 5.21 | 5.25 | 4.73 | 5.57 | 5.16 | 4.95 | 4.96 | 4.90 | 4.78 |
| Домаќинства | 5.47 | 5.28 | 5.35 | 5.02 | 5.26 | 5.45 | 5.40 | 5.33 | 5.26 | 5.29 | 5.34 | 5.28 | 5.27 |
| **Вкупни депозити** | **1.59** | **1.67** | **1.74** | **1.79** | **1.72** | **1.76** | **1.80** | **1.82** | **1.86** | **1.88** | **1.93** | **1.96** | **2.01** |
| Корпоративен сектор | 1.94 | 1.96 | 2.23 | 2.06 | 2.07 | 2.08 | 2.12 | 2.11 | 2.21 | 2.25 | 2.28 | 2.20 | 2.34 |
| Домаќинства | 1.55 | 1.64 | 1.69 | 1.76 | 1.69 | 1.73 | 1.76 | 1.79 | 1.81 | 1.84 | 1.89 | 1.93 | 1.97 |
| **Новопримени депозити** | **2.15** | **2.32** | **2.28** | **2.37** | **2.22** | **2.31** | **2.46** | **2.54** | **2.36** | **2.52** | **2.76** | **2.43** | **2.60** |
| Корпоративен сектор | 1.65 | 1.51 | 1.71 | 2.19 | 2.02 | 2.19 | 2.52 | 2.61 | 2.38 | 2.39 | 3.03 | 1.99 | 2.14 |
| Домаќинства | 2.40 | 2.57 | 2.46 | 2.42 | 2.30 | 2.35 | 2.42 | 2.52 | 2.36 | 2.55 | 2.68 | 2.76 | 2.79 |

Извор: НБРСМ.

[1] Под „каматна стапка“ се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види ја методологијата http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

[2] Во однос на каматните стапки на новоодобрените кредити / новопримените депозити се карактеристични променливи движења. Ваквите движења на каматните стапки произлегуваат од промените на обемот на новите депозити/кредити (којшто од месец во месец може позначително да се менува), како и од новодоговорената каматна стапка.

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[3]

– Просечната каматна стапка на вкупните кредити на корпоративниот сектор, во септември, бележи месечен пад од 0,05 п.п. и изнесува 5,15%. Притоа, месечната промена е резултат на намалувањето кај сите компоненти: каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,09 п.п.) и каматните стапки на денарските кредити со и без валутна клаузула (за 0,05 п.п. и 0,03 п.п., соодветно). Во споредба со септември минатата година, оваа каматна стапка е пониска за 0,22 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Во септември, каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор е намалена за 0,12 п.п. на месечна основа и изнесува 4,78%. Од аспект на валутната структура, месечниот пад произлегува од намалените каматни стапки на денарските кредити со валутна клаузула и каматните стапки на кредитите во странска валута (0,73 п.п. и 0,19 п.п.), соодветно, во услови на раст на каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,02 п.п.). На годишна основа, каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор забележа намалување од 0,72 п.п.







Извор: НБРСМ.

[3] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа нефинансиските институции (јавни и останати).

- Просечната каматна стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор, овој месец, изнесува 2,34%, што претставува месечен раст од 0,14 п.п. Нагорната промена се должи на повисоките каматни стапки на денарските депозити без валутна клаузула и на каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,16 п.п. и 0,13 п.п., соодветно), додека каматните стапки на денарските депозити со валутна клаузула оствarија намалување (за 0,06 п.п.). Анализирано на годишно ниво, оваа каматна стапка оствари зголемување од 0,40 п.п.

- Во септември, каматната стапка на новопримените депозити[4] на корпоративниот сектор е повисока за 0,15 п.п. во однос на претходниот месец и изнесува 2,14%. Притоа, месечното зголемување е резултат на растот на каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,34 п.п.), при забележан пад на каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,20 п.п.). Истовремено, каматните стапки на денарските депозити со валутна клаузула изнесува 1,90%, за разлика од претходниот месец кога банките и штедилниците не примиле депозити од овој вид. Каматната стапка на новопримените депозити на корпоративниот сектор е повисока за 0,49 п.п. на годишно основа.

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[5]







Извор: НБРСМ.

- Овој месец, каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата изнесува 5,66% и е непроменета на месечна основа. Споредено на годишно ниво, оваа каматна стапка бележи раст од 0,05 п.п.

---

[4] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.

[5] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

– Просечната каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата, во септември забележа месечен пад од 0,01 п.п. и изнесува 5,27%. Надолната промена се должи на намалените каматни стапки на денарските кредити без валутна клаузула и на каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,12 п.п. и 0,11 п.п.), соодветно, во услови на раст на каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула (за 0,03 п.п.). Каматната стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата е намалена за 0,20 п.п. во однос на истиот месец минатата година.







Извор: НБРСМ.

– Во септември, каматната стапка на вкупните депозити на домаќинствата забележа месечно зголемување од 0,04 п.п. и изнесува 1,97%. Месечниот раст се должи на зголемените каматни стапки на денарските депозити без валутна клаузула и на каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,05 п.п. и 0,03 п.п., соодветно), во услови на непроменети каматни стапки на денарските депозити со валутна клаузула. На годишно ниво, оваа каматна стапка е зголемена за 0,42 п.п.

– Кај каматната стапка на новопримените депозити на домаќинствата[6], во септември, е забележан месечен раст од 0,03 п.п. и изнесува 2,79%. Промената е резултат на зголемувањето на каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула и на каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,02 п.п., соодветно). Притоа, овој месец, кај банките и штедилниците не се евидентирани новопримени денарски депозити со валутна клаузула. Во однос на септември 2023 година, каматната стапка на новопримените депозити на домаќинствата е повисока за 0,39 п.п.

***

[6] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците
http://www.nbrm.mk/statistika_na_kamatni_stapki.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Месечни податоци за каматните стапки: 29 ноември 2024 година (референтен пресек заклучно со октомври 2024 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02/3215-235 лок. 108/110.